# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНАТА ШТИП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на<br>Општината Штип<br>Излегува по потреба | Број 1<br>19 јануари 2005 година<br>Ш т и п | ГОДИНА XLII |


1.

Врз основа на член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА НЕПРИФАЌАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАПИРАЊЕ НА ОБЈАВУВАЊЕТО НА РЕШЕНИЕТО ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА МАНДАТОТ НА СЕКРЕТАРОТ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП БРОЈ 0801-2170/2 ОД 28 ДЕКЕМВРИ 2004 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за неприфаќање на Решението за запирање на објавувањето на Решението за продолжување на мандатот на секретарот на Советот на Општината Штип број 0801-2170/2 од 28 декември 2004 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0801-27/2
19 јануари 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Димитар Ефремов, с. р.

2.

Врз основа на член 51 став 2 од од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 38 став 3 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 12 јануари 2005 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА НЕПРИФАЌАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАПИРАЊЕ НА ОБЈАВУВАЊЕТО НА РЕШЕНИЕТО ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА МАНДАТОТ НА СЕКРЕТАРОТ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП БРОЈ 0801-2170/2 ОД 28 ДЕКЕМВРИ 2004 ГОДИНА

I

Не се прифаќа Решението за запирање на објавувањето на Решението за продолжување на мандатот на секретарот на Советот на Општината Штип број 0801-2170/2 од 28 декември 2004 година донесено од градоначалникот на Општината Штип, а Решението за продолжување на мандатот на секретарот на Советот на Општината Штип број 0801-2170/1 од 22 декември 2004 година **се потврдува**.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-27/1
12 јануари 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Ѓеорги Ѓеоргиев, с. р.

3.

Врз основа на член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА НА РЕШЕНИЕТО ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА МАНДАТОТ НА СЕКРЕТАРОТ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Решението за продолжување на мандатот на секретарот на Советот на Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0801-27/3
19 јануари 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Димитар Ефремов, с. р.

4.

Врз основа на член 2 од Законот за локалните избори ("Службен весник на РМ", број 45/04-пречистен текст, 52/04 и 60/04) и член 21 точка 36 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 12 јануари 2005 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ МАНДАТОТ НА
СЕКРЕТАРОТ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

1. На **Валентина Арсова**, секретар на Советот на Општината Штип мандатот ѝ се продолжува и истиот ќе трае до завршување на мандатот на членовите на Советот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-27/2
12 јануари 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Ѓеорги Ѓеоргиев, с. р.

5.

Врз основа на член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАПИРАЊЕ НА ОБЈАВУВАЊЕТО НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИЦИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНО-ПРОИЗВОДНИ И УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ "ИСАР" - ШТИП БРОЈ 0801-2171/2 ОД 28 ДЕКЕМВРИ 2004 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за прифаќање на Решението за запирање на објавувањето на Решението за разрешување и именување на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни дејности "Исар" - Штип број 0801-2171/2 од 28 декември 2004.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0801-28/3
19 јануари 2005 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Димитар Ефремов, с. р.

6.

Врз основа на член 51 став 2 од од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 38 став 3 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 12 јануари 2005 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАПИРАЊЕ НА ОБЈАВУВАЊЕТО НА РЕШЕНИТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИЦИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНО-ПРОИЗВОДНИ И УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ "ИСАР" - ШТИП БРОЈ 0801-2171/2 ОД 28 ДЕКЕМВРИ 2004 ГОДИНА

I

Се прифаќа Решението за запирање на објавувањето на Решението за разрешување и именување на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни дејности "Исар" - Штип број 0801-2171/2 од 28 декември 2004 година донесено од градоначалникот на Општината Штип, со следниот **заклучок**:

Во точка 2 потточка А претставници од локалната самоуправа наместо Стојче Јакимовски да стои Кирчо Бардаров, а наместо Милорад Зафировски да стои Мијалче Читкушев.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-28/1
12 јануари 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Ѓеорги Ѓеоргиев, с. р.

7.

Врз основа на член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИЦИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНО-ПРОИЗВОДНИ И УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ "ИСАР" - ШТИП

I

Се објавува Решението за разрешување и именување на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни дејности "Исар" - Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0801-28/4
19 јануари 2005 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Димитар Ефремов, с. р.

8.

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ", број 38/96 и 6/02) и член 39 точка 30 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 12 јануари 2005 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИЦИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНО-ПРОИЗВОДНИ И УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ "ИСАР"-ШТИП

Од претставници во Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни дејности "Исар" - Штип, **се разрешуваат** и тоа:

А. Претставници од Локалната самоуправа:
- Тони Шопов
- Благица Михајлова
- Стојче Јакимовски
- Милорад Зафировски
- Трајче Кацаров

Б. Претставници на вработените во Јавното претпријатие:
- Миле Димитров
- Виолета Тасева Јорданова

1. За претставници во Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни дејности "Исар" - Штип, **се именуваат** и тоа:

А. Претставници од Локалната самоуправа:
- Тони Шопов
- Благица Михајлова
- Кирчо Бардаров
- Мијалче Читкушев
- Трајче Кацаров

Б. Претставници на вработените во Јавното претпријатие:
- Миле Димитров
- Виолета Тасева Јорданова

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-28/2
12 јануари 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Ѓеорги Ѓеоргиев, с. р.

# С О Д Р Ж И Н А


| Р.б. | | страна/број |
|---|---|---|
| 1. | Решение за објавување на Заклучокот за неприфаќање на Решението за запирање на објавувањето на Решението за продолжување на мандатот на секретарот на Советот на Општината Штип број 0801-2170/2 од 28 декември 2004 година | 1/1 |
| 2. | Заклучок за неприфаќање на Решението за запирање на објавувањето на Решението за продолжување на мандатот на секретарот на Советот на Општината Штип број 0801-2170/2 од 28 декември 2004 година | 2/1 |
| 3. | Решение за објавувањето на Решението за продолжување на мандатот на секретарот на Советот на Општината Штип | 3/1 |
| 4. | Решение за продолжување на мандатот на секретарот на Советот на Општината Штип | 4/1 |
| 5. | Заклучок за прифаќање на Решението за запирање на објавувањето на Решението за разрешување и именување на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни дејности "Исар" - Штип број 0801-2171/2 од 28 декември 2004 | 5/1 |
| 6. | Решение за објавување на Решението за запирање на објавувањето на Решението за разрешување и именување на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни дејности "Исар" - Штип број 0801-2171/2 од 28 декември 2004 | 6/1 |
| 7. | Решение за објавување на Решението за разрешување и именување на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни дејности "Исар" - Штип | 7/1 |
| 8. | Решение за разрешување и именување на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни дејности "Исар" - Штип | 8/1 |